Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за покренување на постапка за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за покренување на постапка за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/1**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 103 став 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 49-тата седница одржана на 28.02.2012 година донесе

**ОДЛУКА**
**За покренување на постапка за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Член 1

Се прифаќа Предлогот на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров со кој Градоначалникот предлага да се изврши измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров и тоа: да се измени член 6 од Статутот и наместо 28 Јуни да стои 20 Септември, како и да се извршат други измени и дополнувања кој се однесуваат на усогласување на Статутот со законските прописи донесени по 18.04.2006 година.

Член 2

Советот го задолжува Градоначалникот да изготви П 0редлог на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров и истата да ја досатви до Советот на Општина Ѓорче Петров.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-451/3**
**Од 28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2011 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2011 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/2**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 49-тата седница одржана на ден 28.02.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2011 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за 2011 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-451/4**
**Од 28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2011 год

**Февруари 2012 год.**

**Скопје**

# ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**Програма Ф за урбано планирање**

## Реализација на

## Програма за урбано планирање "Ф" на Општина "Ѓорче Петров" до декември 2011г.

## I. Ф.1 Подпрограма за урбанистичко планирање

## 425.640 Изработка на урбанистички планови

Урбанистички планови по Програма 2005год.

1. ДУП за дел од УЗ Дексион-дел над пруга(станбена зона)

Граници на плански опфат:

-север:граница на ГУП

-запад: меѓа на КП 3820,38,13

-југ: осовина на железница

-исток: меѓа на КП 13513,КП 3621

Големина на плански опфат: 16,00ха

Фаза: Завршена јавна анкета (се прави измена на план согласно Закон – Неопходно е да се повтори Јавната анкета)

Цена:

По договор:691.200,00/платено:414.720,00ден/

Останува за доплата: 276.480,00 ден.

Средствата се обезбедени од буџет на општината

## Урбанистички планови по Програма 2006год.

**2. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 3**

**Граници на плански опфат: 18.88 ха**

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН (пред утврдување на Совет)**

**Цена:**

По Договор: **165.200,00 ден. / неплатено**

**3. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 4**

**Граници на плански опфат: 13.4ха**

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН (пред утврдување на Совет)**

**Цена:**

По Договор: **141.600,00ден. / неплатено**

**4. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 5**

**Големина на плански опфат: 13.9ха**

**Фаза:** Не се објавени тендери поради недостаток на средства

**5. ДУП за дел од западна индустриска зона, Шарпланинска - Б2**

**Големина на плански опфат: 14.0ха**

**Фаза: ДОНЕСЕН**

**Цена:**

По договор: **457.191,00ден./ ЗАВРШЕНО.**

**6. ДУП за дел од западна индустриска зона, Шарпланинска - Б3**

**Големина на плански опфат: 13.6ха**

**Фаза:** ПРЕДЛОГ-ПЛАН- Побарана Согласност

**По Иницијатива за финансирање на планот од ГП БЕТОН.**

**7. Урбанистички план за село Волково**

**Граници на плански опфат: по графички прилог**

**Големина на плански опфат: 354,40 ха**

**(добиени услови за проширување)**

**Фаза: НАЦРТ(пред утврдување)**

**Цена:**

По Договор: **381.140,00ден. / неплатено**

## Урбанистички планови по Програма 2007 год.

**8. ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ-1**

**Големина на плански опфат:**

**Фаза:(стопиран МО)**

**9. УП за село Кучково со разработка на блок**

**Добиени услови за планирање**

**Фаза:** Втор тендер

## Урбанистички планови по Програма 2008 год.

**10. ДУП за УЗ Дексион:**

**Големина на плански опфат**: 24,0 ха

**Фаза: НАЦРТ (пред утврдување на Совет)**

**Цена:**

По договор: **734.842,00ден.** Платено: **0.00 ден.**

Останува за исплата: **734.842,00ден**

Финансиите се обезбедени од буџет на општина.

## Урбанистички планови по Програма 2009

**11. ДУП за дел од западна индустриска зона ЈУГ 4**

**Големина на плански опфат: 8.0ха**

**Фаза:** Не се објавени тендери поради недостаток на средства

**12. Измена и дополнување на УП за село Орман - разработка на блокови 11, 12 и 13**

**Фаза: ПРЕДЛОГ-ПЛАН (Побарана Согласност)**

**Цена:**

По Договор: 344.997,00ден. / платено: 206.998,00ден.

**Финансиите се обезбедени од барателот на Иницијативата.**

**13. УП за село Волково - разработка на блок**

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН(пред утврдување на Совет)**

**Цена:**

По Договор: **381.140,00ден. / НЕПЛАТЕНО**

**14. ДУП за УЗ Мирче Ацев -  УБ9 (дел)**

**Големина на плански опфат: 1,8ха**

**Фаза: ДОНЕСЕН**

**Цена:**

По Договор: **105.020,00ден. / ЗАВРШЕНО**

**15. ДУП нас. ХРОМ - УБ24**

**Големина на плански опфат: 1,0ха**

**Фаза: ДОНЕСЕН**

**Цена:**

По Договор: **58.410,00ден. / ЗАВРШЕНО**

Финансиите се обезбедени од барателот на иницијативата.

**16. ДУП нас. ХРОМ - Б6**

**Големина на плански опфат:  1,5ха**

**Фаза: Направена инвентаризација**

**Цена:**

По Договор: 88.500,00ден. **/** Платено: 0,00 ден.

Финансиите се обезбедени од граѓани-баратели.

**Планот е стопиран (поради утврдени бесправни градби)**

## Урбанистички планови по Програма 2010

**17. Изменување и дополнување на ДУП УЗ Даме Груев - УБ1, блок 5**

**Големина на плански опфат: 2,1ха**

**Фаза: ДОНЕСЕН**

**Цена:**

По Договор: **102.000,00ден. / ЗАВРШЕНО**

(Финансиите се обезбедени од физичко лице)

## Урбанистички планови по Програма 201

**18. ДУП за УЗ Мирче Ацев - блок 13**

**Големина на плански опфат: 3,5ха**

**Фаза: ПРЕДЛОГ ПЛАН**

**Цена:**

По Договор: **151.040,00,00 ден. / Платено: 90.624,00**

**Останува за плаќање: 60.416,00 ден.**

**19. Измени и дополнувања на дел од ДУП Реонски центар - ГП 2.2.4**

**Големина на парцела: 1,08ха**

**Фаза: ПРЕДЛОГ - СТОПИРАН Е, (важи ЛУПД)**

**Цена:**

По Договор**: 97.940,00ден / платено: 58.764,00**

**Останува за плаќање: 39.176,00 ден.**

**20. ДУП УЗ Дексион, крајбрежен појас, блок 1 (здравство)**

**Големина на плански опфат: 1,26ха**

**Фаза: ПРЕДЛОГ - СТОПИРАН Е, (важи ЛУПД)**

**Цена:**

По Договор**: 103.840,00ден. / платено: 62.304,00**

**Останува за плаќање: 41.536,00ден.**

**21. ДУП нас. ХРОМ дел од блок 5**

**Големина на плански опфат: 1,26ха**

**Фаза: Утврден НАЦРТ план - пред Јавна анкета**

**Цена:**

По Договор**: 69.773,00ден. / НЕПЛАТЕНО**

(Финансиите се обезбедени од физичко лице)

**22. ДУП УЗ Ѓорче Петров - блок 14**

**Големина на плански опфат: 2,4ха**

**Фаза: Утврден НАЦРТ план - пред Јавна анкета**

**Цена:**

По Договор**: 115.050,00ден. / платено: 69.030,00**

**Останува за плаќање: 46.020,00**

(Финансиите се обезбедени од физичко лице)

Локални урбанистички документации (ЛУПД)

за стопански објекти:

- Одобрени Плански Програми - 2

(финансирани од правни лица:

1. ГП ГРАНИТ (лок. во КО Никиштани) - се чека Одлука од Влада за пренамена на земјоделско во градежно земјиште.

2. ДГ СИМОН дооел (лок. во КО Орман) - се чека Одлука од Влада за пренамена на земјоделско во градежно земјиште.

**Прифатени** се две Иницијативи за финансирање на изменување и дополнување на **блок 6 и блок 2 од ДУП дел од зап. инд. зона УМ ул: Лепенец од правни лица. ( во тек се тендери)**

## II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиште и уредување на просторот во руралното подрачје

1. **Под програма Ф.А. и Ф.Д.** за уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки.

**482.110 Подготвување на проекти вклучувајќи дизајни на улици, пешачки патеки плоштади и други јавни површини**

1.1 **Изработени се основени проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во Општината и тоа:** ул. Панајот Гиновски, ул. Социјалистичка Зора (за реконструкција) ул. Социјалистичка Зора I фаза(изградба), ул. Мице Козар, ул.Јосиф Даскалов, ул. Ангел Винички, ул. Моцартова, ул. Кичевска, ул. Борис Бојаџиски, ул. Пеклане со крковите 1,3,5,5 и 7, ул.Вија Игнатија(реконструкција), ул. Вија игнатија (изградба) ,ул. Ибе Паликуќа, ул. Австралиска, ул.Антон чехов, ул. Антон Кецкаров, ул, Ново проектирана I крак на ул. Лука Геров, ул. Ново проектирана II( покрај пруга во нас. Даме Груев) и улици во Стопаски Двор ул,1, ул2, ул.6 и ул.7. Средствата во висина од **9.192.200,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**481.210 Подготвување на проекти за деловни објекти**

**482.120 Изградба на улици , пешачки патеки, плоштади и**

**други јавни површини**

**1. Изградба на улици**

**1.1 Завршена е изградбата на „Новопроектираната„ Улица.1 ( спој на бул. „Партизански Одреди„ и ул. „Ѓорче Петров„) со завршен асвалтен слој, изработени се тротоари од бехатон плочки и завршено е осветлувањето на улицата.**

Средствата во висина од **6.157.875,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

1.2 За градбата на улицата, согласно законската регулатива избрана е фирма за вршење на стручен надзор на градбата. Изборот е извршен согласно законот за јавни набавки.

Средствата во висина од **200.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.3 Завршена е изградбата на Ул.„Мајски Манифест„ III крак, од ул.„Ѓуро Салај„ до спој со ул. „Алекса Демниевски„**

Планираните средствата за градба во висина од **1.600.000,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**1.4 Завршена е реконструкцијата на ул. ,,Волковска,, почнувајќи од сред село во Волково се до последната станица на автобусот 22 во Волково-Пржина, при што е извшено крпење на ударните дупки и нанесување на нов асфалтен слој, во вкупна должина од 700,00м.**

Средствата се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

**1.8 Завршена е изградбата на бул. Македонска Војска I фаза II делница,** почнуваќи од ул. Ѓорче Петров па се до спортскиот комплекс покрај р.Вардар.

Средствата за изградба ги обезбеди Градот Скопје.

**1.9 Завршена е изградбата и уредување на раскрсницата на ул. Ѓорче Петров и ул.Воин Драшковци со изградба на кружен ток на сообраќајот.** Средствата за изградба ги обезбедува Градот Скопје.

---

**2. Изградба на пешачка патеки, тротоари и паркинзи.**

**2.1** Изградена е пешачка патека во М.З. Хром, од станбените згради до ул.,,Циборовски,, со павер елементи со широчина од 1,5-2,0м со вкупна површина од 72 $м^2$, Средствата во висина од 864.540ден.(за 1, 2 и 3 ) се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, за 2011год.

**2.2 Изградени или реконструирани се повеќе тротоари на локации низ општината и тоа:**

- Реконструиран е дел од тротоарот кај кружниот тек со павер елементи во површина од 15м2,

- Реконструирана е површина од павер елементи покрај Фонтаната пред Тинекс во површина од 5м2,

- Изградена е нова патека во с. Волково кај игралиштето Бранители со бехатон елементи во површина од12м2,

- Во МЗ Орман уредени се површини за Автобуски стојалишта со бехатон елементи во површина од 120м2, оивичњни со рабници со должина од 60м.

Средствата.(за поз1 и 2,) се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**2.3** **-** Завршена е изгрдбата на паркинг простор на ул. 4ти Јули(спроти супер маркетот) во површина од 220м2, обработен со павер елементи. Истиот ќе се користи за паркиралиштен на таксисти.

- Завршена е изградбата на парки простор за 40 возила во УЗ Хром, испред влезот на Велурфлок, со површина од 545м2,обработен со павер елементи и бетонски рабници

**ЈА. Подпрограма спорт и рекреација**

**482.920 Изградба и одржување на објекти за спорт и рекреација**

1. **Спортски терени- рекреација**

**1.1 Нови спортски терени**

**Во УЗ Даме Груев ( пред надвозникот) во тек е изградба на спортско повеќе наменско игралиште.**

Средства за изградба се обезбедени со донација од Буџетот на Р.М пруку Агенцијата за млади и спорт.

**1.2 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**Извршена е реконструкција на спортски терени** со поправка на жичани огради во висина од 4.0 и 6,0м, и извршена е поправка на спортски реквизити во:

1.2,1 **О.У. ,,Мирче Ацев,,**

1.2.2 **О.У. ,,Страшо Пинџур,,**

1.2.3 **О.У. ,,Тихомир Милошевски,,**

1.2.4 **ОУ . ,,Ѓорче Петров,, (со изработка на комплет нова ограда околу спопртскиот терен и училиштето)**

1.2.4 **О.У „Јоаким Крчовски„ - М.З Никиштане**

1.2.5 **Завршена е реконструкцијата на кошаркарското игралиште во УЗ Ѓорче Петров**(испред урбаната заедница на Шидска), при што нанесен е нов асвалтен слој со д=5см, поправен е кошот, поставена е заштитна жичана ограда со висина од 6м, поставено е осветлување на теренот и уредни се тротоарите со павер елементи.

**2. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта , со санирање на површините и поправка на реквизитите (лулашки , клацкалки, тарзанки, и др).**

Средствата во висина од 1.992.000,00ден, за реконструкција на спортските терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 год.

**3. Основни училишта**

**3.1** Извршена е замена на сите прозори во сите основни училишта , од Проектот за реконструкција на локалната инфраструктура преку програмата ИПА 2007. Средствата во висина од **390.000,00 ЕУР** се обезбедени како донација од Владата на РМ преку ИПА 2007 Програмата. Дел од преостанатите средства од оваа програме се искористени за промена на врати во сите Училишта, работата на промените на вратите е во тек, се планира работите да завршат до крајот на месец Фебруари 2012год, при што се планира да се променат околу 200 врати.

**3.2** Во ОУ ,,Мирче Ацев,, изградени се три нови училници наменети за редовната настава и истите се комплет опремени. Дел од средствата за изградба се обезбедени со донација од УСАИД и дел од Буџетот на Општината во висина од 450.000,00 ден.

**3.3** Во ОУ Димитар Беровски извршена е реконструкција на дел од кровната површина, и на дел од просториите каде што имаше протекување на надворешните води од кровот. Средствата во висина од **353.095,00 ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**ЈУ. Изградба на системи за одводнување и пречистување на одпадни води**

**482.310 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација.**

1. **Направени се повеќе проекти** со кофинансирање на Град Скопје и Општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**482.320 Изградба на фекална и атмосферска канализација**

**А) Фекална канализација**

1. **Завршена е градбата на дел од секундарна канализациона мрежа** во с. Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука , инвестирана со средства од Буџетот на Р. Макодонија преку Министерството за транспорт и врски во висина од **14.375.000,00ден.** при што со овие средства се изградени уште 4500м од канализационата мрежа.

1.1 **Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Законот за градба, го врши Евро Консалтинг (фирма избрана на тендер согласно Законот за јавни набавки).
Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од буџетот на Општината.

1.2 **Завршена е изградбата на фекалната канализациона мрежа на дел од ул.Македонска Преродба во должина од 220м.**
Средствата за изградба во вредност од 583.661,00 ден, се обезбедени со заедничко кофинансирање на граѓаните од улицата и од Буџетот на Општината, во однос 50/50%.

1.3 **Завршена е изградбата на фекалната и атмосверската канализациона мрежа во УЗ Даме Груев, за потребите на новата Детска градинка. Средствата се обезбедени** со кофинансирање на Град Скопје и Општината во соодност 60%/40% кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**ЈГО. Изградба на системи за водоснабдување**

**482.710 Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

1. Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Град Скопје и Општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

**482.720 Изградба на водоводна мрежа**

1. **Завршна е изградбата на дел од водоводната мрежа во с. Волково-Пржина во вкупна должина од 562м, изградени се водоводните краци 133 и крак166.**
   Средствата за изградба се обезбедени од повеќе извори и тоа; Од Програмата на Владата на РМ - Декада на Ромите обезбедени се средства во висина од 500.000,00ден, со донација од фирмата Никоб Инжењеринг во висина од 871.123.00ден, ЈП Водовод и канализација Скопје обезбеди средства за изградба на дел од водоводната мрежа во должина од 200м , додека преостанатиот дел од планираните водоводни краци во висина од 700.000,00ден ги обезбеди Општината.

2. **Завршена е изградбата на водоводната мрежа во УЗ Даме Груев, со приклучок за потребите на новата Детска градинка.**

   **Средствата се обезбедени** со кофинансирање на Град Скопје и Општината во соодност 60%/40% кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште, при што Општината за поз 1.3 од предходната точка( за изградба на атмосверска и фекална канализација) и за изградба на водоводот обезбеди средства во висина од 1.982.400,00ден

**482.720 Изградба на други градежни објекти**

1. **Завршена е градбата на постаментот за споменикот на Ѓорче Петров.**

   Средствата во висина од 4.484.000,00 ден. се обезбедени од Буџетот на Опшината

   **ЈА. Изградба на Јавно осветлување**

**482.810 Подготвување на проекти на капацитети од енергетика**

**(НН електрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повеќе проекти со кофинансирање на Градот Скопје и Општината кои се произлезени од Законски обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**482.820 Изградба на објекти од енергетика ниско - напонска електрична и топлификациона мрежа**

1. Направени се повеќе приклучоци на објекти со кофинансирање на Градот Скопје и Општината кои произлегуваат од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**482.930 Реконструкција на објекти од енергетика (ниско напонска и топлификациона мрежа)**

1. На магистралните и собирните улици Градот врши замена на светилките, бидејќи одржувањето на овие улици е во надлежност на Градот. Во текот на 2011год заменети се 457светилки.

**2.** На локалните улици и јавни површини во надлежност на Општината во функција се 3470 светилки од различни типови и тоа;.

1. Живини од 125w ................................................................. 2595
2. Живини од 250w ................................................................. 26
3. Натриум 250w .........................................................................56
4. Метал халогени 400w ...............................................................78
5. Флуо ................................................................. 65
6. Штедливи 40w ........................................................................ 650

----------------------------

Вкупно; 3470

За исправноста на светилките и линиите за јавното(улично) осветлување се грижи Секторот з урбанизам- одделението за инвестиции и тековно одржување.

Одделението интервенира секјдневно на **пријава од граѓани** ( телефонски или усмено), регистрирани во **пријавна листа за интервенции или писмени барања од група граѓани**, доставени преку архива (службено).

По пријавната листа се врши **замена на неисправни електроелементи** (светилки, пригушници, фасонки и.т.н.), а по барањата, но по предходно извршена

анализа за потребните финансиски средства, се **поставуваат нови линии** за улично осветлување, согласно барањата.

На територијата на Општинава просечно дневно се вршат интервенции на 30 и повеќе светлечки места, што представува 1% од вкупниот број на светилките 3470, при што е извршена замена на сијалици, пригушници, фасонки и други електроелементи. Во 2011година заменети се следните електроелементи;

1. Светилки;

- Живина 125w........................................................................3698
- Живина 250w..........................................................................15
- Натриум 250w........................................................................ ..34
- Метал халоген 400w.................................................................45
- Флуо 55w.................................................................................30
- Штедливи 40w.........................................................................210

-----------------------------------

Вкупно; 4032

Оваа количина на променети светилки пресметано со бројот на работните денови изнесува 15 променети светилки на ден.

2. Пригушници вкупно.........................................................................1270
3. Заштитни тегли вкупно.................................................................1794
4. Сенила вкупно.................................................................................1614
5. Фасонки вкупно...............................................................................1950
6. Рефлектори (250W и 400W) вкупно......................................................20
7. Флуо-Арматури, Вандерми вкупно.....................................................787
8. Електрични клопки (32А, 40А, 63А)вкупно...........................................50
9. Затегачи вкупно................................................................................813
10. Обрачи вкупно..................................................................................197
11. Поцинкована лента 2N30x4 вкупно....................................................208
12. Металхалогени 400W вкупно.............................................................145
13. Метални столбови - канделабри вкупно...............................................12
14. Дрвени столбови до 7м вкупно ...........................................................4
15. Кабел SKS 1x 16mm²...................m¹..............................................6700
16. Кабел SKS 2x 16mm²...................m¹..............................................4641
17. Друг електро материал како осигурувачи, стеги, жица, стартер, прекинувачи и друго е евидентирано во градежните дневници и книги.

За извршените работи Одделението води обемна документација (градежни дневници, градежни книги, ф-ри и.т.н.). Во градежните дневници внесени се податоци **за секој ден**, кога, на кои локации (улици) и какви електроматеријали се

потрошени. **Комисијата за комунални работи**, може да добие информации и да изврши увид за поедини работи и периодично.

Нови линии, или продолжување на линии за улично осветлување, поставени се на:

- детско игралиште Волково (3 вандерми)
- ул.49 Стопански Двор (7 вандерми)
- с. Кучково (среде село) (3 вандерми)
- зградите на ул. „Мечкин Камен" (3 канделабри);
- крак од ул. „22" с. Волково (4 вандерми);
- споредна уличка од главната пред нас. „Јурија" (3 вандерми);
- ул. „39" с. Волково (6 вандерми);
- ул. „47" с. Волково (4 вандерми);
- ул. „1" Јурија (3 вандерми) ,
- ул.Македонска преродба-паркинг позади зградите (2 вандерми)
- ул. Ѓорче Петров (бр.103-3 вандерми)
- ул. Ѓорче Петров (кај Кристина 2 вандерми)
- Стопански Двор (покрај браздата кај бушотината-8 вандерми)
- Игралиштето во Волково (накај ТЕРНА-4 вандерми)
- Интервенции на поедини линии поради неизолирани проводници и несоодветен пресек на жиците или поради прекината линија од ветер , снег и др. извршена е реконструкција, односно замена на проводниците (петтата жица) на повеќе улици во руралниот дел. Заменети се и подземни кабли поради оштетувања во у.з.Дексион.

Одделението интервенира и се грижи за осветлување на објектите за кои е надлежна Општината како: спортски игралишта и сали, детски игралишта, дворовите на градинките и училиштата, другите објекти на Општината, (У.З., М.З. и.т.н.) и паркот.

Во извештајот, збирно дадени се потрошените електроелементи и др. опрема за извршените работи.

Средствата во висина од 5.300.000,00 ден., се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Ј3. Јавно осветлување- поправка и тековно одржување**

**424.390 Одржување на други градби**

Извршенно е новогодишно украсување на повеќе улуци и јавни површини во Општината, со поставување на светлосни украси. По завршување на новогодишните празници украсните елементи се демонтирани и складирани во

магицин, каде што ќе биде извршена контрола на исправноста и ќе се изврши евентуална поправка така што дел од нив ќе бидат спремни за наредната година.

Средствата во висина од 995.153,00 ден., се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## III ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### I Под програма Ј.О. Одржување на урбана опрема

### 424.440 Поправка и одржување на урбана опрема

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се 125 даски на оштетени клупи,420 штрафови,извршена е поправка на корпите за одпадоци и други активности на територија на Општината.
  Средства за оваа програма се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### II Под програма Ј.Н. Урбана опрема, (капитален расход)

### 480.190 Купување на урбана опрма

1. Извршена е набавката и поставувањето на 94 парковски клупи и 66 корпи за отпадоци на повеќе локации во Општината.
   Средства во висина од **1.085.813,00ден. (** за оваа позиција и за поправки на опремата) се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

Наведените клупи и корпи за одпадоци поставени се на следните локации:

| МЕСТО | КЛУПИ | КОРПИ |
|---|---|---|
| МЗ Орман - Црква | 10 | 7 |
| Мз Кучково - Крстот | 11 | 5 |
| УЗ Хром -испред згради | 7 | 4 |
| Тутунска банка (ул. И.Маџоски | 5 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Дексион автобуска станица 5 | 3 | 4 |
| МЗ Никиштане | 11 | 11 |
| Полициска станица Ѓ.П | 5 | 4 |
| МЗ Волково игралиште Бранители | 3 | 3 |
| Реонски парк испред Тедико | 1 | 1 |
| Касарна ЕБР Ул. Ѓ. Петров-згради (спроти банат) | 3 | 2 |
| МЗ Орман | 18 | 8 |
| Ул.4ти Јули-Паркинг за такси | 8 | 5 |
| МЗ Кучково автоб. станица | 2 | / |
| Ул Социјалистичка Зора | 3 | / |
| ОУ. Ѓорче Петров | 4 | 6 |
| М.З. Даме Груев | / | 3 |
| | | |
| **ВКУПНО :** | **94 клупи** | **66корпи** |

**III и V Под програма Ј.3. и Ј.А. Јавно осветлување и изградба на нови линии за јавно осветлување**

- Прикажано во претходната програма
- Фактурите од ЕВН за потрошената електрична енергија за јавно осветлување редовно се плаќаат.

**IV Под програма Ј.4. За јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини,во Општината редовно се ангажирани триесет невработени лица (социјално загрозени) кои секједневно се ангажирани во Општината за подобрување на комуналната состојба.

2. Во тек на годината повеќекратно се направени акции со Ј.П. ,,Комунална хигиена'' за отстранување смет од дивите депонии на целата територија при што се дигнати околу 500 $м^3$ смет и депонирани во Дрисла,

3. Расчистени се депонии од градежен шут и одпаден материјал, околу 4500 $м^3$, Средства во вкупна вредност од **2.489.800,00ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

4. Во тек на годината превземена е акција за чистење на коритото на река Лепенец кое е исчистено во должина од 700м. Средствата за акцијата се обезбедени од Министерството за транспорт и врски преку Дирекцијата за заштита и спасување.

## VI Под програма Ј.6. Одржување и заштита на локални патишта и сервисни и станбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров

### 424.320 Одржување на локални патишта и улици

Во текот на пролетниот и летниот период извршено е крпење на на патот од с.Волково према с.Кучково до манастирот и крстот во с.Кучково, по повод денот на крстот. Средствата за оваа акција се донација од Град скопје.

Санирањето на ударните дупки по улиците се врши пролетно и есенско (зимско одржување).

Ударните дупки по улиците за кој е надлежен Градот, ги санира Градот, а Општинските, Одделението за тековно одржување и инвестиции.

Истите се санираат (крпат), по пријава од граѓани и од увидот на терен од вработените.

При интервенциите за свои потреби фирмите „ЕВН", „Македонски телекомуникации", Ј.П. „Водовод и канализација" и др., оштетувањата на асфалтните површини имаат обврска сами да ги санираат (вратат во предходна состојба).

Во текот на месец Октомври и Ноември извршено е крпење на ударнитњ дупки и санирање на прекопи со топла асвалтна маса на следните улици; ул.Знеполе, Црногорска, Моцартова, Лазо Димоски, Бертранд Расел, Пеклане, Николај Островски, Тиранска, Крсто Раковски, Јосиф Даскалов, Атанас Иловски, Николај Вукмирович, Вера Циривири, Мице Козар, Македонска Преродба, Стопански Двор, Наум Чакарев, Лука Геров-крак, Гостиварска, Панко Брашнаров, Виа Игнатија, Мирче Ацев, Манчу Матак, Даутица, Јосиф Ковачев и ул. Исаие Мацоски. Вкупно на сите улици се санирани 1538 м2,асвалт при што е потрошено **1.985.092,00ден.**

Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

За работите што се изведуваат во Одделението за комунални работи(поправки, крпење на асвалти и сл) се води целосна евиденција во градежни дневници и градежни книги.

Во тек е зимско одржување на локалните патишта и улици за период 2011/2012 год, Средствата во висина од **1.690.000,00ден.** се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## VII Под програма Ј.Д. Изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни и станбени улици

1. Со оглед дека средсвтата од Агенцијата за државни патишта драстично се намалија (за околу 50%) предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патишта и улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици е прикажано во претходната програма.

## VIII Под програма Ј.Ф. Изградба и сообраќајна сигнализација

1. Во тек на изминатиов период, двапати е вршено бележење на улиците во Општината при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници ( ул.,,Ѓорче Петров,, ул.,,Лука Геров,, ул. ,,4-ти Јули,, бележување на игралишта и сл.)

## IX Под програма Ј.Г.Изградба на систем за водоснабдување

Активноста од оваа под програма се прикажани во претходната програма.

### X Подпрограма Ј.И.изградба на систем за одводнување на отпадни воид

Во текот на 2011 год очистен е каналот за одводнување кој поминува низ Стопаски Двор и с. Ново Село во должина од 1500м. Дел од средствата се обезбедени од Технички Гасови, кој е корисник на изворот на минерална вода, и дополнителни средства во висина од 350.460,00ден. се обезбедени од Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2011год.

### XI Под програма Ј.М.Изградба и реконструкција на парковски површини и зеленила

1. Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училиштата и градинката, одржување еколошки часови.
2. Поддржана е акцијата на Владата на Р.Македонија за пошумување на голините, со масовно учество на населението. Во Општината се посадени нови садници во Реонскиот парк, во сите училишта, детските градинки и обновени дрвореди на дел од улиците.
3. Уредени се површините околу новоизградените улици, каде е извршено хумузирање, затревување и засадени се 200 садници. Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.

### Ј8. Други комунални услуги

### 424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се 1451 шахта на целата територија на Општината. Средствата во висина од **144.319,00ден**. се обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во одделението за спроведување на урбанистички планови во 2011 година примени се 2031 предмети, плус 46 предмети нерешени од предходната година, или вкупно 2077 предмети за решавање. Од вкупниот број на предмети за решавање решени се2049.

Согласно законот за легализација на бесправно изградени објекти, примени се 10890 предмети од кои решени се 90 а 10800 се останатите- во постапка на решавање. Примените предмети се со следната структура:

| Red .Br . | **ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови** | **Примени предмети во 2011 год.** | **НереШени предмети од** | **Вкупно од графите 3 и 4** | **РеШени предмети во 2011 година** | **Останале предмети за реШавање** | **Примени предмети за легализација** | **РеШени предмети** | **Преостанати п за реШавање** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **2.** | **3.** | **4.** | **5.** | **6.** | **7.** | **8.** | **8.1** | **8.2** |
| 1 | ИЗВОДИ ОД ДУП | 1789 | | 1789 | 1789 | | | | |
| 2 | ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА | | | | | | | | |
| 3 | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 79 | 46 | 125 | 102 | 23 | | | |
| 4 | ИЗМЕНА ВО ТЕК НА ГРАДБА | 10 | | 10 | 8 | 2 | | | |
| 5 | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА - ПРЕНАМЕНА | 5 | | 5 | 4 | 1 | | | |
| 6 | РЕшЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ | | | | | | | | |
| 7 | ПРАВОСИЛНОСТ | 36 | | 36 | 36 | | | | |
| 8 | ИЗГОТВУВАЊЕ МИСЛЕЊА, ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ДО ДРУГИ ОРГАНИ | | | | | | | | |
| 9 | ИЗГОТВУВАЊЕ ПОТВРДИ,УВЕРЕНИЈА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИ | 24 | | 24 | 22 | 2 | | | |
| 10 | ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА ОБЈЕКТИ | 53 | | 53 | 53 | | | | |
| 11 | ЗАПИСНИЦИ ОД НАДЗОРНИ ОРГАНИ | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | ЗАПИСНИЦИ ОД УВИД НА ЛИЦЕ МЕСТО ЗА КАРАКТЕР НА ЗЕМЈИшТЕ | 25 | | 25 | 25 | | | | | |
| 13 | ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ примени/реШени | | | | | | | 10.890 | 90 | 10.800 |
| 14 | ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, СЛУЖБЕНОСТ ОДЗЕМАЊЕ КОРИСНИЧКО ПРАВО (СПОГОДБИ, РЕшЕНИЈА ЗАКЛУЧОЦИ) | 10 | | 10 | 10 | | | | | |
| | ВКУПНО ОД ТАБЕЛА: | 2031 | 46 | 2077 | 2049 | 28 | | 10.890 | 90 | 10.800 |

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште по основ на издадени одобренија за градба во урбаниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петроб во 2011 година **примени се 22.078.341,00 денари**

2. Наплата на комунална такса по основ на издадени одобренија за градба во руралниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петров во 2011 година **наплатени се 4.277.154,00 денари**.

3. Надоместок за финансирање на изработка на просторниот план на Републиката и урбанистичките планови Согласно член 55 од Законот за просторно и урбанистичко планирање наплатени во 2011 година **вкупно 110.393,00 денари.**

4. За предметите кои се завршени за легализација на бесправно изградени објекти досега се уплатени вкепно **2.009.327,50ден.**

Секторот за урбанизам, комунални дејности

и заштита на животната средина

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за извршување на Буџетот за IV квартал на Општина Ѓорче Петров на 2011 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот за IV квартал на Општина Ѓорче Петров на 2011 година, ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/3**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 49-тата седница одржана на ден 28.02.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за извршување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за IV квартал на 2011 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал за 2011 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-451/5**
**Од 28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**С к о п ј е**

# Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV-от квартал на 2011

**С к о п ј е , Февруари  2012  година**

Образец К1

# Квартален извештај за извршување на буџетот за општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2011 година, до 31.12.2011 година

Општина : **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Извештаен период од: од **01.01.2011** година, до **31.12.2011** година

Датум на поднесување на извештајот :

Во денари

| Приходи - Квартал 4 | | Буџет за 2011 | | Дотации за 2011 | | Самоф.актив. за 2011 | | Донации за 2011 | | Кредити за 2011 | | Вкупно за 2011 | | Останува за реализ. до крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **211.782.350** | **122.528.012** | **147.265.150** | **145.075.324** | **21.758.000** | **13.613.290** | **0** | **0** | **0** | **0** | **380.805.500** | **281.216.626** | **99.588.874** |
| | **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **137.512.250** | **120.597.096** | **145.268.950** | **143.289.619** | **21.218.000** | **12.390.539** | **0** | **0** | **0** | **0** | **303.999.200** | **276.277.254** | **27.721.946** |
| | **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **45.115.500** | **34.757.585** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **45.115.500** | **34.757.585** | **10.357.915** |
| | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **119.385.600** | **58.261.554** | **1.996.200** | **1.995.212** | **540.000** | **468.991** | **0** | **0** | **0** | **0** | **121.921.800** | **60.725.757** | **61.196.043** |
| | ***ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | **211.782.350** | **122.528.012** | **147.265.150** | **145.075.324** | **21.758.000** | **13.613.290** | **0** | **0** | **0** | **0** | **380.805.500** | **281.216.626** | **99.588.874** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **153.267.716** | **94.803.456** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **153.267.716** | **94.803.456** | **58.464.260** |
| 711 | ДАНОК ОД ДОХОД, ОД ДОБИВКА И ОД КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ | 6.584.000 | 6.340.333 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.584.000 | 6.340.333 | 243.667 |
| 713 | ДАНОЦИ НА ИМОТ | 46.800.000 | 34.832.047 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.800.000 | 34.832.047 | 11.967.953 |
| 717 | ДАНОЦИ НА СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ | 98.383.716 | 53.607.053 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 98.383.716 | 53.607.053 | 44.776.663 |
| 718 | ТАКСИ НА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ | 1.500.000 | 24.023 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 24.023 | 1.475.977 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **44.291.000** | **14.327.612** | **0** | **0** | **21.758.000** | **13.613.290** | **0** | **0** | **0** | **0** | **66.049.000** | **27.940.902** | **38.108.098** |
| 722 | ГЛОБИ, СУДСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ | 4.501.000 | 4.310.258 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.501.000 | 4.310.258 | 190.742 |
| 723 | ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ | 2.200.000 | 1.461.786 | 0 | 0 | 21.758.000 | 13.613.290 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.958.000 | 15.075.076 | 8.882.924 |
| 724 | ДРУГИ ВЛАДИНИ УСЛУГИ | 980.000 | 221.493 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 980.000 | 221.493 | 758.507 |
| 725 | ДРУГИ НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 36.610.000 | 8.334.075 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36.610.000 | 8.334.075 | 28.275.925 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **14.223.634** | **13.396.944** | **147.265.150** | **145.075.324** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **161.488.784** | **158.472.268** | **3.016.516** |
| 741 | ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 14.223.634 | 13.396.944 | 147.265.150 | 145.075.324 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 161.488.784 | 158.472.268 | 3.016.516 |
| | ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | **45.115.500** | **34.757.585** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **45.115.500** | **34.757.585** | **10.357.915** |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **11.115.500** | **3.064.329** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11.115.500** | **3.064.329** | **8.051.171** |
| 731 | ПРОДАЖБА НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА | 315.000 | 325.988 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 315.000 | 325.988 | -10.988 |
| 733 | ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖ | 10.800.500 | 2.738.341 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.800.500 | 2.738.341 | 8.062.159 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **34.000.000** | **31.693.256** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **34.000.000** | **31.693.256** | **2.306.744** |
| 741 | ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ | 34.000.000 | 31.693.256 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.000.000 | 31.693.256 | 2.306.744 |

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :***

| Приходи - Квартал 4 | | Буџет за 2011 | | Дотации за 2011 | | Самоф.актив. за 2011 | | Донации за 2011 | | Кредити за 2011 | | Вкупно за 2011 | | Во денари Останува за реализ. до крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | |
| | ***ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :*** | **137.512.250** | **120.597.096** | **145.268.950** | **143.289.619** | **21.218.000** | **12.390.539** | **0** | **0** | **0** | **0** | **303.999.200** | **276.277.254** | **27.721.946** |
| **40** | **ЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **29.700.700** | **29.151.088** | **124.129.100** | **123.748.236** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **153.829.800** | **152.899.324** | **930.476** |
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ | 18.529.000 | 18.078.436 | 90.545.800 | 90.331.649 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 109.074.800 | 108.410.085 | 664.715 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 6.586.500 | 6.488.454 | 33.583.300 | 33.416.587 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.169.800 | 39.905.041 | 264.759 |
| 404 | НАДОМЕСТОЦИ | 4.585.200 | 4.584.198 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.585.200 | 4.584.198 | 1.002 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.800.000** | **544.455** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.800.000** | **544.455** | **1.255.545** |
| 412 | ПОСТОЈАНА РЕЗЕРВА (НЕПРЕДВИДЛИВИ РАСХОДИ) | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 |
| 413 | ТЕКОВНИ РЕЗЕРВИ (РАЗНОВИДНИ РАСХОДИ) | 800.000 | 544.455 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 544.455 | 255.545 |
| **42** | **ТОКИ И УСЛУГИ** | **85.261.550** | **74.322.411** | **21.139.850** | **19.541.383** | **21.218.000** | **12.390.539** | **0** | **0** | **0** | **0** | **127.619.400** | **106.254.333** | **21.365.067** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 965.000 | 550.220 | 298.000 | 295.848 | 61.750 | 36.773 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.324.750 | 882.841 | 441.909 |
набавна вредност - **17.730.190,00 ден.**

Во текот на 2011 година има ново набавени основни средства во вредност од 469.639,00 ден. и тоа информатичка опрема и канцелариски мебел и клима уреди . По пописот од минатата година има расходувано основни средства што се расипани и што се надвор од употреба и тоа две ТАМ возила,ЛАДА САМАРА, ФОРД ОРИОН, како и неколку компјутери.

Во 2011 година имаме и основни средства што се водат како други градби во износ од **26.729.713,00 ден**., а се однесуваат на споменикот на револуционерот Ѓорче Петров.

**Ситен инвентар** ( канцелариски инвентар, алати,

мобилни тел., знамиња и сл.) **1.845.210,00 ден.**
или новонабавени во 2011 г. во износ од 364.536,00 ден.Овој инвентар со ставање во употреба книговодствено се отпишува.

**Побарувања од купувачи**( закупнини и надоместок за уред. на градежно замјиште кој се плаќа на рати, како и обврска за данок на имот) **69.934.246,00 ден.**
Од извештајот кој го доставува до општината градската даночна администрација произлегува дека, вкупно задолжување со салда од претходни години кое не е наплатено по основ на данок на имот изнесува:

| | |
|---|---|
| - за физички лица | 22.778.073,00 |
| - за правни лица | 2.273.331,00 |
| - за дополнителна стапка | 26.532.936,00 |
| - за фирмарина | 17.162.891,00 |
| **Вкупно:** | **68.747.231,00 ден**. |

На побарувања по основ на закупнини или надоместок за уредување на градежно земјиште кој се плаќа на рати изнесува 1.187.187,00 денари

Што се однесува до побарувањата по основ на данок на имот пренесените салда од минати години се огромни и изнесуваат 51.584.340,00.Во овој облог има дупли решенија, односно еден исти имот се води на двајца или тројца сопственици, а не само на последниот, има обврзници кои неможе да се пронајдат поради неточни адреси, како што се превземени од УЈП , а кои многу тешко се откриваат.По апелите во јавните гласила добар дел од граѓаните се јавуваа за усогласување на податоците, но голем дел и не се јавија, некои се отселени или на работа во странство и ред други причини поради кои не се пронајдени.Поради тоа ваквите обврзници се водат во евиденцијата, а не може да се наплати побарувањето.

**Краткорочни обврски прена добавувачи** **3.367.481,00 ден.**
Овде влегуваат обврски по основ на фактури за м.12/2011, а се стасани во текот на месец 01/2012 година..Со највисок износ се фактурите за улично осветлување.

**Обврски према вработени** , членови на Совет и договори за дело, како и обврски према државата по основ на даноци и придонеси ( за м. 12/2011) **2.689.153,00 ден.**

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации

Од 2007 година општина Ѓорче Петров почна вонбилансно да ги евидентира капиталните инвестиции со цел да се создаде евиденција.Во текот на 2011 година оваа вредност е зголемена за 39.290.669,00 што значи дека вкупно со вложувања од претходни години капиталните вложувања изнесуваат **274.778.068,00** денари.Оваа вредност подетално е анализирана во Завршната сметка - Посебен дел, каде секоја програма посебно е образложена.Овде влегува градба и набавка на опрема како што

се водоводни и канализациони мрежи, инсталации на јавно осветлување, паркови, игралишта, урбана опрема и слично.

Што се однесува на блок дотациите,ова година не се реализираа во целост.Последната транша во месец Декември не беше целосно уплатена.Иако и оваа година блок дотациите беа зголемени, сеуште не ги задоволуваат потребите, посебно во делот за одржување на објектите. Заради тоа општината прави напори и од други извори , посебно донации, да овозможи реконструкции на истите. Во текот на 2011 годинацелосно е извршена промена на прозорците во сите училишта, а средствата се обезбедени од предпристапните фондови на ЕУ за 2007 година. Бидејќи во претходните години се изврши промена на дел од прозорците, од овој фонд останаа средства кои се користат за промена на дел од вратите по училиштата.

## 5. ПРЕГЛЕД НА ТРОШЕЊЕТО НА БУЏЕТСКАТА РЕЗЕРВА ЗА 2011 год.

| Р. бр. | решение број : дата : | Опис на намена | Назив на корисник | ИЗНОС : |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 08-122/2 21.01.2011 | Средства за помош за опожарена куќа | Хатиџе Илјаз Црногорска бб | 15.000,00 |
| 2. | 08-76/2 25.01.2011 | Средства за помош за реновирање на црква | Црква Свети Атанасиј с.Осинчани-Скопје | 10.000,00 |
| 3. | 08-150/2 27.01.2011 | Средства за помош за доизградба на црква | Црква Свети Спас с.Орман | 20.000,00 |
| 4. | 08- 173/1 01.02.2011 | Средства за помош за реализација на музички проект | Авард Промотион дооел Скопје | 30.000,00 |
| 5. | 08-200/2 08.02.2011 | Средства за помош за опожарена куќа | Тихомир Ѓорѓиевски С.Зора бр.65 | 10.000,00 |
| 6. | 08-321/2 15.02.2011 | Средства за помош за лекување | Нада Мишиќ Лука Геров бр.44/1-2 | 10.000,00 |
| 7. | 08-555/2 15.03.2011 | Средства за родено четврто дете | Славиша Станоевиќ с.Волково | 10.000,00 |
| 8. | 08-614/2 21.03.2011 | Средства за помош за учество на светски олимписки игри | Игор Трајчевски ул.Лука Геров бр.46/5-5 | 10.000,00 |
| 9. | 08-751/2 28.03.2011 | Средства помош за лекување | Сања Петрова Петар Манџуков 7а | 15.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | 08- 570/2<br>28.03.2011 | Средства помош за лекување | Бојан Додевски<br>Ул.44 бр.8 | 10.000,00 |
| 11. | 08-912/2<br>12.04.2011 | Средства за покривање трошоци за маратон во пливање | Ристо Јанев<br>Скопје | 10.000,00 |
| 12. | 08-1037/2<br>21.04.2011 | Средства за покривање на Трошоци за натпревар по Екологија во Хјустон САД | Стефан Кузмановски<br>4-ти Јули 45 ѓ | 10.000,00 |
| 13. | 08-1113/2<br>04.05.2011 | Средства за помош за опожарена куќа | Хатије Илијаз | 10.000,00 |
| 14. | 07-935/5<br>17.05.2011 | Средства за помош за Санација на црква | Црква Св.Петар и Павле | 180.000,00 |
| 15. | 08-1574/2<br>23.06.2011 | Средства за помош за коњичко комитски групи за празникот Илинден | Коњичко комитски групи | 6.000,00 |
| 16. | 08-163/2<br>28.06.2011 | Средства за учество на Илинденски марш | | 10.000,00 |
| 17. | 08-2044/2<br>19.08.2011 | Средства за учество на шаховски турнир | Дане Георгиевски | 10.000,00 |
| 18. | 08-168/2<br>26.08.2011 | Средства помош за опожарена куќа | Татјана Цветковска | 6.000,00 |
| 19. | 08-2243/2<br>09.09.2011 | Средства за помош за опожарена куќа | Зоран Тодоровски | 10.000,00 |
| 20. | 08-2358/2<br>19.09.2011 | Средства за учество и изготвување проект по музучка ”Засвири,запеј заиграј ” во Краљево | Коле Трајков | 25.000,00 |
| 21. | 08-2376/2<br>26.09.2011 | Средства за помош за сојуз на македонци од исламска религија | Сојуз на Македонци од Исламска религија | 10.000,00 |
| 22. | 08-2323/2<br>03.10.2011 | Средства за покривање на трошоци за превоз до Кушадаси | Драган Серафимовски | 12.000,00 |
| 23. | 08-2567/2<br>06.10.2011 | Средства помош за упис на постипломски студии | Ѓурѓица Бошкоска | 10.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. | 08-2685/2 14.10.2011 | Средства за помош за реализација на проект порта на МТВ | Боби-С Плус | 15.000,00 |
| 25. | 08-2741/2 25.10.2011 | Средства помош за печатење на книга | Марјан Димитриевски и Драган Стојановски | 15.000,00 |
| 26. | 08-2066/2 25.10.2011 | Средства помош за лекување на член од семејство | Јонузи Нијази | |
| 27. | 08-2754/2 28.10.2011 | Средства за превозни трошоци за Кушадаси | Драган Серафимовски | 10.455,00 |
| 28. | 08-2859/2 04.11.2011 | Средства за трибина за болести од дрога и алхохолозам | Сојуз за превентива од алхохолозам,никотиниз. и наркомани на Р.Македонија | 10.000,00 |
| 29. | 08-3052/2 24.11.2011 | Средства за издавање на прирачник за маркетинг азбука | Алекса Стаменковиќ | 20.000,00 |
| 30. | 08-3305/2 12.12.2011 | Средства за помош за здружение на ветерани и резервисти | Здружение на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста | 10.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | | **544.455,00** |

**Бр. 07- 451/7**
**28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник**
**за условите,начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор, училници и друг простор во основните училишта, сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор, училници и друг простор во основните училишта, сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/6**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 05/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на седница 49-тата седница одржана на ден 28.02.2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## За условите,начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор, училници и друг простор во основните училишта, сопственост на Општина Ѓорче Петров

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите и начинот за издавање под закуп на слободен деловен простор, училници, друг слободен простор во основните училишта и простор (објект) кој што не е во функција сопственост на Општина Ѓорче Петров, во понатамошниот текст - простор, формирање и надлежност на комисијата за спроведување на постапката, утврдување на почетна цена и составните елементи на договорот за закуп.

**Член 2**

Просторот од член 1 од овој Правилник може да се издава под закуп на домашни и странски физички и правни лица, заради вршење на стопанска и друга дејност под услови пропишани со Закон и овој Правилник.

За просторот (објектот) кој што не е во функција, се склучува посебен договор со заинтересиран понудувач со кој поблиску се регулираат правата и обврските за реконструкција, доградба и адаптација на истиот.

**Член 3**

Просторот се издава под закуп на определено време. Просторот неможе да се издава во подзакуп.

**Член 4**

Висината на закупнината, рокот на траење на договорот, како и другите услови за закуп на овој Правилник се утврдуваат со Договор за закуп што го склучува Општина Ѓорче Петров со закупецот.

## II. НАЧИН ,УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР

**Член 5**

Издавањето на просторот под закуп се врши по пат на прибирање на затворени писмени прјави преку јавен оглас.

На огласот можат да пријават учество сите домашни и странски правни и физички лица под услови утврдени со закон и овој Правилник.

Огласот се објавува од страна на Општина Ѓорче Петров во најмалку еден печатен медиум за јавно информирање и на WEB страната на Општината.

Рокот за пријавување изнесува 8 дена од денот на објавата на огласот.

**Член 6**

Огласот за издавање под закуп на простор содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува;
- местоположба и површина на простор;
- намената на простор;
- висина на почетна месечна закупнина изразена во денари;
- начинот на плаќање на закупнината;
- напомена дека просторот се издава во видена состојба;
- напомена дека висината на закупнината е променлива, согласно условите на пазарот на недвижности;
- обврска за депонирање на гаранција во висина на едномесечна закупнина за учество на огласот и условите и рокот за враќање на истата;
- рок на траење на огласот;
- начин на пријавување на огласот;
- критериум за избор на најповолен понудувач;
- време за кое се издава просторот.

**Член 7**

Кандидатите на јавниот оглас треба кон пријавата да достават и:

**А)За физички лица**

- доказ за идентитет (копие од лична карта или патна исправа);
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- овластување издадено од одговорно лице на физичкото лице;
- тел за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка.

**В)За правни лица:**

- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- копија од документ за регистрирана дејност од Централен регистар;
-потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси и други јавни давачки (доколку е даночен обврзник);
-потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
-уверение дека со правосилна пресуда не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност;
-адреса, контакт телефон;
- жиро сметка.

Сите наведени документи не треба да бидат постари од 6 месеци и истите треба да бидат доставени во оригинал или копија заверена од понудвуачот.

**Член 8**

Потребната документација за учество на огласот се доставува преку пошта или во архивата на Општината.

Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВАРАЈ„ и со назнака „по оглас за издавање под закуп на простор„ и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува кандидатот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан од одговорното лице на кандидатот.

**Член 9**

Пристигнатите пријави ги отвара и ги разгледува Комисија без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените понуди нема да бидат разгледани од страна на Комисијата и за истото ги известува кандидатите.

Нема да биде разгледана пријавата на кандидатот кој е или бил закупец на простор со кој управува Општина Ѓорче Петров, а кој должи закупнина.

Ако на огласот за издавање простор под закуп не се јаваат заинтересирани понудувачи, се распишува и објавува повторен оглас.

Ако на повторниот оглас не се пријават заинтересирани кандидати, деловниот простор може да се издаде под закуп со непосреден договор помеѓу Општина Ѓорче Петров и заинтересирано лице.

Доколку на огласот се јави само еден кандидат со уредна документација, просторот ќе му се додели на истиот, доколку ги прифати условите предвидени во огласот.

Во случај кога се пристигнати две или повеќе пријави, се пристапува кон јавно наддавање.

Комисијата ги известува понудувачите за времето и местото за јавното наддавање.

**Член 10**

Незадоволните кандидати кои учествувале на јавното наддавање имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот на Општината.

Решението на Градоначалникот по приговорот е конечно.

**Член 11**

На јавното надавање учествуваат подносителите на пријави кои доставиле комплетна документација или нивните полномошни застапници.

Деловниот простор се доделува на најповолниот Понудувач кој понудил највисока закупнина, а која е најмалку еднаква на почетната закупнина и врз основа на други критериуми предвидени во огласот.

**Член 12**

За издавањето под закуп на просторот помеѓу Општина Ѓорче Петров и најповолниот понудувач се склучува Договор во рок од три работни дена кој се солемнизира кај Нотар, на трошок на корисникот.

При предавањето на просторот, се составува Записник за примопредавање во кој се констатира состојбата во која закупецот го прима просторот.

Доколку во рок од три работни дена по добивање на известувањето за најповолен понудувач на јавното наддавање избраниот понудувач не се јави да склучи договор за закуп на простор ќе се смета дека се откажал од истиот, а депонираните средства за учество не му се враќаат.

Во случај на откажување од склучување на Договор од страна на избраниот понудувач, Договор за издавање под закуп на простор се склучува со наредниот најповолен понудувач.

Доколку нема нареден понудувач, се склучува договор за издавање под закуп на простор со непосредна спогодба.

На останатите учесници на огласот им се враќаат депонираните средства во рок од три дена од денот на конечноста на одлуката.

**Член 13**

Корисникот на просторот може со писмена согласност од Општина Ѓорче Петорв да врши измени во просторот (преградување, поправки, преправки, пренамена и други инвестициони работи), а Општината Ѓорче Петров да му одбие дел од закупнината која корисникот ја плаќа за користење на просторот.

**Член 14**

Трошоците за комунални услуги и тековно одржување на просторот поблиску се утврдуваат со Договорот за закуп.

**Член 15**

Во случај на стечај, ликвидација и други случаи на престанок на вршењето на дејноста од страна на корисникот престанува Договорот за закуп на просторот.

По престанок на Договорот за закуп на простор по кој и да било основ корисникот е должен да и го врати на Општина Ѓорче Петров просторот, во исправна состојба односно во состојба во која го примил.

**Член 16**

Во случај на смрт или траен инвалидитет на корисникот, Општината може без јавно наддавање да го продолжи договорот за закуп со член на неговото потесно семејство под услов да достави барање за тоа и ги прифати условите утврдени со договорот за закуп.

Како членови на потесно семејство се сметаат брачниот другар и полнолетните деца на корисникот.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

**Член 17**

Постапката за издавање на простор под закуп ја спроведува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Комисијата за издавање под закуп на простор ја формира Градоначалникот.

Комисијата е составена од пет члена од кои три члена се од редот на општинската администрација во Општина Ѓорче Петров и два члена од редот на членовите на Советот на Општината.

Комисијата е надлежна да:

- распише оглас за издавање на простор под закуп;
- ги утврди критериумите за издавање просторот под закуп согласно овој Правилник;
- ги отвори и разгледа пристигнатите понуди;
- утврдува најповолна понуда;
- утврдува листа на кандидати кои понудуле највисока цена согласно утврдените критериуми и ја доставува на сите пријавени понудувачи;
- доставува предлог до Градоначалникот за издавање на простор под закуп;
- го утврдува времето на издавање;
- ја определува висината на чекорот на наддавање.

**Член 18**

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претсетателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Член 19**

Комисијата од член 18 на овој Правилник по приемот на пријавите од заинтересираните лица утврдува дали пријавите се доставени во определениот рок и дали истите се комплетирани во согласност со условите од огласот и за истото составува записник.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА

**Член 20**

Износот на почетната закупнина за користење на деловен просторот се утврдува во евра за метар квадратен во денарска противредност согласно микролокацијата на објектот и други параметри за висината на закупнината согласно условите на пазарот на недвижности определен со овој Правилник.

Слободниот деловен простор во сопственост на Општината, може да се издава за стопански и комерцијални дејности

**Член 21**

Висината на почетната закупнина за користење на деловниот простор изнесува од 3-6 евра/м2.

Закупнината се определува во евра, а се плаќа во денарска противредност според среден курс на НБРМ, сметано на денот на фактурирањето.

**Член 22**

Слободниот простор во основните училишта може да се издава на користење за одржување курсеви за странски јазици, едукативни и дуги дејности.

Издавањето на просторот не треба да ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес.

Употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и лицата што ќе го користат закупениот прстор.

Намената, заради која се издава просторот, не доведува до негово оштетување.

**Член 23**

Висината на почетната месечна закупнина за користење на училници во основните училишта ќе зависи од место положбата и бројот на учениците и се движи од 50 до 200 евра, а почетната месечна закупнина за секое училиште поконкретно ќе биде наведена во огласот за јавно наддавање.

Висината на почетната месечна закупнина на останатиот училишен простор (подрумски простории, простории за остава, холови и слично) се движи од 3-6 евра во денарска противвредност, во зависност од место положбата на училиштето и просторот во него.

## V. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОР

**Член 24**

Договорот за издавање под закуп на простор ги содржи следниве елементи:

- Страни на договорот;
- Предмет на договорот:
- Опис на простор (адреса, површина);
- начин на давање на користење;
- Висина на надоместокот и рокови на плаќање;
- Рокот на важност на договорот;
- Вид на гаранција за извршување на обврските на корисникот согласно член 7 од овој правилник;
- Обврска на корисникот за плаќање на нотарските трошоци за солемнизација на договорот;
- Обврска за осигурување на објект;
- Извршна клаузула – изрична изјава на корисникот дека е согласен врз основа на договорот кој се солемнизира кај нотар непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на доспеан, а неплатен надоместок и други трошоци и надоместоци определени со договорот, како и присилно иселување доколку договорот биде откажан, раскинат или престанал на друг начин, како и посебна изрична изјава дека доколку во рокот предвиден во Договорот по било кој основ не го испразни доброволно просторот

од луѓе и ствари, Општина Ѓорче Петров да може да го поврати владението врз предметниот простор/спортски објект, со иселување и испразнување.

- Причини за раскинување на Договор.

**Член 25**

Во текот на траење на Договорот за издавање под закуп на простор корисникот е должен:

- на Општина Ѓорче Петров да и достави адреса за доставување на писмена, при што ќе изјави дека секое доставување на писмено од страна на Општината на таа адреса ќе се смета полноважно.
- да ја извести Општината за секоја промена на седиштето, адресата статусни и слични промени жиро сметките и слично.
- на барање на овластено лице од Општината да му даде на увид доказ за измирени обврски.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Поранешните корисници на деловен и училишен простор, доколку сакаат да продолжаат да го користаат просторот во кој ја обавувале својата дејност, потребно е да ја прифатат највискота понудена цена постигната на јавното наддавање.

**Член 27**

Договорите за издавање под закуп на простор склучени пред донесување на овој Правилник престануваат со истекот на рокот за кој се склучени, односно по склучување на договор со новиот корисник.

**Член 28**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-451/8**
**од 28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Правилник**
**за условите,начинот и постапката за издавање на користење**
**под закуп на спортски објект**

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на користење под закуп на спортски објект, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/7**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 05/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 49-тата седница одржана на ден 28.02.2012 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ**
**НА КОРИСТЕЊЕ ПОД ЗАКУП НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите, начинот и постапката за издавање под закуп, односно користење на термини во спортските објекти сопственост на Општина Ѓорче Петров, формирање и надлежност на комисијата за спроведување на постапката, утврдување на почетна цена и составните елементи на договорот за закуп.

Член 2

Спортските објекти сопственост на Општина Ѓорче Петров, согласно член 67 од Законот за локална самоуправа и овој Правилник се издаваат под закуп, односно на користење со јавно огласување.

Спортските сали, фискултурните сали во основните училишта, фудбалските терени и тениските игралишта се издаваат на користење за спорт и рекреација на физички и правни лица во утврдени термини.

Член 3

Просторот се издава под закуп на определено време, просторот неможе да се издава во подзакуп.

Член 4

Спортските објекти може да се даде под закуп само доколку:

- просторот во времетраењето-терминот на издавањето, не е во функција на воспитно образовниот процес или издавањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес;
- употребата на просторот нема да влијае на безбедноста на учениците, како и лицата што ќе го користат закупениот прстор;
- намената, заради која се издава просторот, не доведува до негово оштетување.

## II. НАЧИН ,УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ СО ПРЕТХОДНО УТВРДЕН ТАРИФНИК

Член 5

Издавањето на спортските објекти под закуп се врши по пат на прибирање на затворени писмени пријави преку јавен оглас.

На огласот можат да пријават учество сите домашни и странски правни и физички лица под услови утврдени со закон и овој Правилник.

Огласот се објавува од страна на Општина Ѓорче Петров во најмалку еден печатен медиум за јавно информирање и на WEB страната на Општината.

Огласот се објавува најдоцна до крајот на месец јуни во тековната година.

Рокот за пријавување изнесува 8 дена од денот на објавата на огласот.

Член 6

Огласот за издавање под закуп на спортски објект содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува;
- местоположба на спортскиот објект;
- намената на спортскиот објект;
- термини за користење во спортскиот објект;
- напомена дека спортскиот објект се издава во видена состојба;
- рок на траење на огласот;
- начин на пријавување на огласот;
- износ на почетна месечна закупнина;
- критериум за избор на најповолен понудувач;
- време на издавање.

Член 7

Кандидатите кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават:

А) За правни лица:

- Доказ за регистрирана дејност;
- копија од тековна состојба на правното лице издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- овластување издадено од одговорно лице на правното лице;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- жиро сметка.

Б) За физички лица:

- доказ за идентитет (лична карта или патна исправа);
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- овластување издадено од одговорно лице на физичкото лице;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка.

Член 8

Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на Општината.

Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај“ и со назнака „за оглас за издавање под закуп на спортски објект “и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот.

Член 9

Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисијата без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.

Член 10

Јавно наддавање се спроведува доколку за користење на определен термин се јават најмалку двајца заинтересирани кандидати и истите се известуваат за денот на наддавањето.

Ако на огласот се јави само еден заинтересиран кандидат, се склучува договр со истиот доколку ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Ако на огласот за издавање на користење спортски објект не се јават заинтересирани кандидати, се распишува и објавува повторен оглас.

Доколку и на повторниот оглас не се јави ниту еден кандидат, се склучува договор за закуп со непосредна спогодба со заинтересирано правно или физичко лице кое ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Комисијата ги известува кандидатите за времето и местото за јавното наддавање.

По завршување на огласот, слободните термини за кои не се јавил ниту еден заинтересиран кандидат во текот на годината, можаат да се издаваат со склучување на договор под услови објавени во јавниот оглас, за пократок период од една година , односно најмалку за еден месец.

Член 11

Незадоволните кандидати кои учествувале на јавното наддавање имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот на Општината.

Решението на Градоначалникот по приговорот е конечно.

Член 12

За издавањето под закуп на спортскиот објект помеѓу Општина Ѓорче Петров и кандидатот се склучува Договор за давање под закуп на спортски објект на определено време.

Договорот за закуп се клучува во рок од 3 (три) дена сметано од денот на истекувањето на рокот за приговор.

Доколку кандидатот кој понудил највисока цена не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок од став 2 на овој член, ќе се смета дека се откажал, а општината ќе може да склучи договор за закуп со наредниот најповолен кандидат и доколку и тој не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок, општината ќе може да склучи договор со непосредна спогодба со заинтересиран кандидат.

Во случај од став 3 на овој член, на кандидатите не им се враќаат депонираните средства за учество на огласот.

На останатите кандидати на огласот им се враќаат депонираните средства во рок од 3 (три) дена од денот на завршување на постапката за јавно наддавање.

Термините во спортските објекти кандидатот започнува да ги користи од моментот на склучување на договорот.

Член 13

Во случај на стечај, ликвидација и дргуги случаи на престанок на вршењето на дејноста од страна на корисникот престанува да важи Договорот за користење.

По престанок на важноста на Договорот за користење по кој и да било основ, корисникот е должен да и го врати на Општина Ѓорче Петров спортскот објект, записнички во исправна состојба, спремен за негова редовна употреба.

Член 14

Во случај на смрт или траен инвалидитет на корисникот , Општина Ѓорче Петров може без јавен оглас да го продолжи Договорот за користење на спортски објект со член од неговото најтесно семејство под услов да достави Барање за тоа и да ги исполнува условите утврдени со Договорот.

Како членови од најтесно семејство се сметаат брачниот другар и полнолетните деца на корисникот.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТ СО ПРЕДХОДНО УТВРДЕНИ ТЕРМИНИ

Член 15

Постапката за издавање под закуп на спортските објекти ја спроведува Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти согласно ово Правилник.

Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти ја формира Градоначалникот.

Комисијата е составена од пет члена од кои три члена се од редот на општинската администрација во Општина Ѓорче Петров и два члена од редот на членовите на Советот на Општината.

Комисијата е надлежна да:

- распише оглас за издавање под закуп на спортски објекти;
- ги утврди критериумите за издавање под закуп на спортски објекти согласно овој Правилник;
- ги отвори и разгледа пристигнатите понуди;
- утврдува најповолна понуда;
- утврдува листа на кандидати кои понудуле највисока цена согласно утврдените критериуми;
- доставува предлог до Градоначалникот за издавање под закуп на спортски објект;
- го утврдува чекорот на наддавање; и
- го утврдува времето на издавање на спортскиот објект.

Член 16

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претсетателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**IV. УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА**

Член 17

Износот на почетната закупнина за користење на просторот се утврдува во евро на час во денарска противвредност согласно микролокацијата на објектот и други параметри за висината на закупнината согласно условите на пазарот на недвижности определен со овој Правилник.

Закупнината се определува во евра, а се плаќа во денарска противвредност според среден курс на НБРМ, сметано на денот на фактурирањето.

Член 18

Висината на почетната закупнина за користење на просторот во фискултурните сали во основните училишта изнесува 10 евра/час.

Член 19

Висината на почетната закупнина закористење на просторот во Спортска сала “Христо Батанџиев„ изнесува 20 евра/еден час.

Член 20

Висината на почетната закупнина за користење на просторот на тениските игралишта за еден час (термин) изнесува 3,5 евра.

Член 21

Висината на почетната закупнина за користење на фудбалските игралишта за еден час (термин) изнесува 10 евра/еден час.

Член 22

Средствата од издавањето на спортските сали, фискултурните сали во основните училишта, фудбалските терени и тениските игралишта се самофинансирачки приходи и служат за нивно редовно одржување.

## V. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОР

Член 23

Договорот за издавање под закуп ги содржи следниве елементи:
- Страни на договорот;
- Предмет на договорот:
- Опис на простор (адреса, површина);
- начин на давање на користење;
- Висина на надоместокот и рокови на плаќање;
- Рокот на важност на договорот;
- Обврска за осигурување на објект;
- Извршна клаузула – изрична изјава на корисникот дека е согласен врз основа на договорот да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на доспеан, а неплатен надоместок и други трошоци и надоместоци определени со договорот, како и присилно иселување доколку договорот биде откажан, раскинат или престанал на друг начин, како и посебна изрична изјава дека доколку во рокот предвиден во Договорот по било кој основ не го испразни доброволно просторот/спортскиот објект од луѓе и ствари, Општина Ѓорче Петров да може да го поврати владението врз предметниот простор/спортски објект, со иселување и испразнување.
- Причини за раскинување на Договор.

Член 24

Во текот на траење на Договорот за издавање под закуп на простор корисникот е должен:

- на Општина Ѓорче Петров да и достави адреса за доставување на писмена, при што ќе изјави дека секое доставување на писмено од страна на општината на таа адреса ќе се смета полноважно.
- да ја извести Општината за секоја промена на седиштето, адресата статусни и слични промени жиро сметките и слично.
- да барање на овластено лице од Општината да му даде на увид доказ за измирени обврски.
- корисникот е должен да ја извести општината за евентуални временски периоди во кои нема да го користи просторот под закуп поради оправдани причини (летен и зимски распуст, елементарни непогоди и сл).

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 25

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-451/9**
**Од 28.02.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Одлуката за одобрување средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетидеветтата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.02.2012 година.

**Број 08-568/8**
**Од 29.02.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2012 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.16/2012), Советот на Општина Ѓорче Петров на 49-тата Седница одржана на ден 28.02.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина**
**Ѓорче Петров за 2012 година**

1. На товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансвер до спортски клубови, на ФК *Македонија Ѓорче Петров 1932*, се одобрува износ од 100.000,00 денари, како донација за покривање на трошоци за уплата на втора рата од долг кон ФФМ за изречени казни.

2. Средствата да се уплатат на име ФФМ - Скопје, на жиро-сметка број: 300 0000015997 60, Депонент Комерцијална Банка а.д.-Скопје, со цел на дознака -Уплата на втора рата од долгот на ФК*Македонија ЃП* за изречени казни;

3. Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Решението.

**Број 07-451/10**
**од 28.02.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**




**Поднеси Годишна даночна пријава до 15 март**

Како граѓанин и даночен обврзник на персоналниот данок на доход, приходите кои сте ги оствариле во земјата и во странство, од повремено вршење на услуги, од кирии, од авторски договори, од дивиденди и камати, од игри на среќа и наградни игри, од продажба на хартии од вредност, од учество на капитал и недвижен имот... во изминатата 2011 година, треба да ги пријавите во Управата за јавни приходи.

Не заборавајте да ја пополните вашата ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА (образец "ПДД-ГДП").

Рокот за пријавување на приходите на граѓаните е отпочнат и трае од 1 јануари до 15 март 2012 година.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Инфо центар 0800 33 000
е-Пошта: info@ujp.gov.mk
www.ujp.gov.mk

Исправка:

Се врши исправка на Службен Гласник бр. 17/2012, намсето Службен Гласник бр.17/2012 год. гласи Службен Гласник бр. 01/2012 година. Исправката се врши на насловната и на сите страни во Гласникот.